Врз основа на член 19 став 2 точка 4 од законот за изменување и надополнување на Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.64/18) и член 18 став 2 точка 5 од Статутот на ЈПКД „Турија„ Василево, Управниот одбор на ЈПКД „Турија“ Василево на својата седница одржана на ден 19.07.2018 година го усвои следниот:

I

Финансиски извештај
на ЈП „Турија“ за Прво полугодие за **2018 година**
од 01-01-2018 до 30-06-2018

Приходи од услуги	
Приходи од комунален отпад	1.613.713,оо
Приходи од уредување и одржување	700.000,оо
Приходи од вода	3.821.691,оо
Приходи од ровокопач	1.191.395,оо
Приходи од приклучоци-водовод	666.622,оо
Приходи од улично осветлување	426.000,оо
Приходи од приклучок канализација	1,150.593,оо
Приходи од одржување на канализација	78,300,оо
Приходи од други услуги	16.000,оо
Вкупно	**9.664.314,оо**

Други приходи	
Приходи од вишоци	
Приходи од наплатени панели,казни	41.035,оо
Приходи од продажба на основни средства	
Приходи по основ на донации	
Приходи од претходни години	
Приходи од камати	4,оо
Вкупно	**41.039,оо**

ВКУПНО ПРИХОДИ	**9.705.353,оо**

Материјални трошоци	
Потрошени суровини и материјали	130.768,оо
Потрошен материјал за приклучок - водовод	230.750,оо
Потрошен материјал за приклучок - канализација	979.212,оо
Потрошен материјал хлор, налко	604.124,оо
Работна облека и обувки	27,097,оо /
Потрошен канцелариски материјал	29,187,оо
Потрошена енергија	157.785,оо
Потрошена вода	962.091,оо
Потрошено гориво, уље	457.281,оо
Потрошени резервни делови	21.046,оо
Отпис на инвентар и автогуми	29.582,оо
Транспортни услуги	2.360,оо
Поштенски и телефонски услуги	26.106,оо
Услуги за одржување	28.610,оо
Закупнина	110.700,оо
Трошоци за реклами	12.590,оо
Регистрација на возила	10.520,оо
Останати услуги	302.650,оо
Вкупно	**4.122.459,оо**

Бруто плати	**4.000.315,оо**

Амортизација на средства	**63,037,оо**

Останати трошоци	
Отпис на побарувања	
Трошоци за работници	7.500,оо
Трошоци на УО	24.667,оо
Трошоци за репрезентација	51.272,оо
Трошоци за членарина кон здруженија	17.308,оо
Банкарски услуги	23.307,оо
Трошоци по договор на дело	589.557,оо
Трошоци за списанија и прирачници	4.000,оо
Улсуги за привремени вработување	131.307,оо
Други услуги	5.756,оо
Адвокатски, нотарски и судски трошоци	9,101,оо

Трошоци за надзор и контрола	45.220,оо
Трошоци за спонзорство	
Вкупно	**908.995,оо**

Расходи по камати, казни и други	
Дополнителни расходи од минати години	
Расходи по казни и пенали	/
Кусоци на суровини и материјали	
Расходи по основ на камати	
Вкупно	

ВКУПНО ПРИХОДИ	**9,705.353,оо**
ВКУПНО РАСХОДИ	**9.094.806,оо**
Добивка од работење	**610.547,оо**
Данок од добивка	
Нето добивка	

IV.

Според книговодствената евиденцијата на ЈПКД „Турија“ Василево покажува позитивен финасиски резултат, односно добивка од работењето за Првото полугодие за 2018 година е во износ од 610.547,оо денари.

Ако направиме споредба помеѓу финансиското работење на 2017 и 2018 година, утврдуваме дека приходите се зголемени за 21,36 %, а додека и расходите се зголемени за 26,73%, .

Заклучно со 31.12.2017 година имаме вкупен број 2.069 водокорисници. Така што во текот на 2018 година имаме зголемување на уште 25 нови корисници, од кои 5 во Василево, 5 во индустриската зона Василево и Градашорци, 6 во Градашорци, Ангелци 2, Нова Маала 3, Добрашинци 1, , Чанаклија 2 и Едерниково-1.

Во текот на Првото полугодие за 2018 година немавме некои посериозни дефекти на водоводната мрежа, па со тоа и немавме трошоците околу одржување на водоводната мрежа и отстранувањето на дефекти. Единствено поголеми

трошоци имавме околу прочистувањето на водата за пиење и тоа трошоци за хлор и налко, поради зголемената потрошувачка на вода.

Во текот на Првото полугодие 2018 година Јавното претпријатие вршеше приклучување во канализационата мрежа во Ангелци , Пиперево и Градашорци тоа во Ангелци 6 нови приклучоци , Пиперево 3 и Градашорци 2 нови корисници

Вкупно досега имаме 132 приклучок на канализационата мрежа.

Околу другите дејности кои влегуваат во делокругот на работата на комуналното претпријатие, во текот на Првото полугодие за 2018 година немавме некои посериозни проблеми и застои и истите претпријатието ги извршуваше редовно и навремено во согласност со програмите за работа.

Во првата половина на 2018 година од наша страна беше поставена атмосферска канализација во индустриска зона Градашорци од 168 метра Ф-800 и 300 метра во Василево во турско маало во близина на пошта.

Се надеваме дека позитивниот финансиски резултат ќе биде и во наредните периоди и во иднина ќе се стремиме кон уште подобари резултати, односно поуспешно работење и ќе бидеме вистински носители на комуналната инфраструктура во Општината.

УО на ЈПКД „Турија“ Василево

Претседател
Ристо Лазаров